# ЕЦМП НВО Мрежа Информатор # 22

Ноември, 2003

## ЕЦМП НВО Мрежа за подобрување на меѓуетничките односи во Република Македонија

Ова е информаторот на ЕЦМП НВО Мрежата за подобрување на меѓуетничките односи во Република Македонија. Оваа мрежа е резултат на заедничката иницијатива помеѓу Европскиот центар за малцински прашања (ЕЦМП), од Фленсбург, Германија и членките на Мрежата. Оваа Мрежа ќе ја зголеми соработката на НВОи-членки кон развој и унапредување на меѓуетничката толеранција, почитување на разликите и дијалогот помеѓу оние кои живеат во Република Македонија. Посебно, оваа НВО Мрежа цели да ги зајакне капацитетите на НВОи-учеснички да создаваат заеднички проекти и други иницијативи со силна меѓуетничка димензија и да ги имплементираат таквите иницијативи.

## Вести од ЕЦМП НВО Мрежата

**23Ноември**
**ЕЦМИ НВО Мрежа**
**Состанок на Координативното тело на ЕЦМИ Мрежата**



Координативното тело на ЕЦМИ Мрежата одржа состанок во просториите на Регионалната Канцеларија Скопје со цел да се разгледаат повеќе теми кои во моментов се актуелни. На почотекот беа разгледани активностите на Регионалните Центри во Штип и Скопје, беа разгледани предлог Проектите од Националната Мрежа и беа запознаени со подготовките за Генералното Собрание.
За време на состанокот беа изнесени резултатите од Донаторската Конференција која се одржа во Куманово од страна на комисијата за односи со Донаторите. Исто така беа изнесени и заклучоците од тркалезната маса со Медиумите "Партнерство меѓу НВО и Медиумите – искуства и нови стратегии"која се одржа во Битола на 15 Октомври. Последователно следеа резултатите од истражувањето на работата на Мрежата спроведено од Пајтим Саити и Надир Реџепи.
На самиот крај на состанокот се разговараше за структурата на Координативното Тело и за критериумите за избор или исклучување на членкит од Мрежата.
**E-mail:** ecmimkd@ecmingonet.org.mk

**27 Ноември**
**ЕЦМИ НВО Мрежа**
**Состанок на Под – мрежата Младински Мултикултурни Иницијативи (ММИ)**



Во просториите на Регионалната Канцеларија Скопје членовите на Под – мрежата Младински Мултикултурни Иницијативи со цел да се осигура висок квалитет при имплементирањето на Проектот “Локална Акција – Национална Стратегија”.

Агендата на состанокот се состоеше од дефинирање на критериумите за избор на членовите на работните групи, методите за евалуација на спроведувањето на проектот, утврдување на начините на однесување како и други административни и технички процедури.

Email: yminet03@yahoo.com

## Активности на ЕЦМП НВО Регионалните Центри

**Ноември 12**
**ЕЦМИ Регионален НВО Ресурсен Центар Тетово**
**Интервју за локалната Телевизија АРТ**

За време на консултативниот состанок во просториите на ЕЦМИ Регионалниот НВО Ресурсен Центар Тетово, Елизабета Марковска, Програм Менаџер и Елвира Муртезани, Технички Асистент дадоа интервју за локалната телевизија АРТ. Преку ова уште еднаш беше објаснета ЕЦМИ Мисијата во Македонија, нејзините активности и Планови.

E-mail: ecmitetovo@ecmingonet.org.mk

**20 - 22 Ноември**
**ЕЦМИ Регионални НВО Ресурсни Центри НВО Саем**

Македонскиот Центар за Меѓународна Соработка (МЦМС) заедно со Фондацијата “Институт Отворено Општество” Македонија и Институтот за Трајни Заедници го организираа НВО Саемот, трет форум на Граѓанското Општество во Скопје.

ЕЦМИ НВО Мрежата во Македонија се претстави на НВО Саемот на шест штандови, по еден за секој Регионален НВО Ресурсен Центар. На овај начин заедничките активности на членките беа целосно претставени.

Дел од членките на Мрежата имаа засебни штандови на кои ги претставија своите имплементирани и тековни проекти. Најголем број од нив учествуваа и на Форумите и Социо – културните настани на НВО Саемот.

E-mail: ecmimkd@ecmingonet.org.mk




## Вести од членките на Мрежата

**Ноември 11**
**ЕЦМИ Регионален НВО Ресурсен Центар Куманово**
**Признание за работата на НВО Коло на Српските Сестри со Награда за достигнувањата во нивната заедница**

НВО Коло на Српските Сестри, шленка на ЕЦМИ Мрежата ја добија престижната Ноемвриска награда за достигнувањата во нивната заедница од Комисијата на Советот на Куманово.

Наградата коинцидира и со годинашната прослава за 100 години од формирањето на “Колото на Српските Сестри”. Ова секако допринесува на нивниот статус како

организација која постои и работи во својата заедница.
Наградата им беше доделена во Домот на Културата “Трајко Прокопиев” Куманово.
E-mail: ecmikumanovo@ecmingonet.org.mk

**Ноември 21**
**Хуманитарното и милосрдно здружение на Ромите "Месечина" – Гостивар**
**НВО Саем**



Како дел од Форумите на НВО Саемот, Хуманитарното и милосрдно здружение на Ромите "Месечина" – Гостивар ја претстави својата работа низ случувањата на Балканот во претходниве 10 години. Самит Скендери - претседателот на Месечина зборуваше за предизвиците со кој неговата организација се соочуваше за време на војната во Босна и Херцеговина, Ксовската бегалска криза и кризата во Македонија.
Во склоп на Форумот, меѓу осумте организации на кој им беше дадена Благодарница за придонес кон решавање на Ромските прашања, Благодарница му беше доделена и на Европскиот Центар за Малцински Прашања во Македонија.
E-mail: ecmimkd@ecmingonet.org.mk

**28 – 30 Ноември**
**Балканско здружение за пријателство и соработка , Битола**
**Семинар - ”Пристапот на различните етнички групи на медиумите”**
Во Хотел “Белви” во Охрид се одржа три дневен семинар како дел од проектот “Пристапот на различните етнички групи на медиумите. Проектот е имплементиран од страна на Балканско здружение за пријателство и соработка во партнерство со Граѓанско здружение за демократија, мир и толеранција “Аурора”, Група Феликс, Културно здружение на Турците “Челебија”, Здружение на Ромите од Битола „Баирска светлина“ и Сојуз на Албанската жена на Македонија, огранок Битола.
Учество на семинарот зедоа новинари од локалните печатени и електронски медиуми, претставници на невладиниот сектор и локалната самоуправа од Битола и Тетово.
Целта на семинарот беше да се утврди сегашното ниво на пристап на етничките групи до медиумите, да се иницира размена



на искуства, предложат идеи и можности за соработка и да се изработи заедничка програма за идните активности на учесниците.
Предавачи на Семинарот беа Д-р Ѓорге Иванов, професор на Правен факултет во Скопје и на Интердисциплинарните студии по новинарство на Универзитетот Св. Кирил

и Методиј, Бујар Лума, режисер, Центар за Балканска соработка Лоја од Тетово, Пеце Цветановски, политиколог, новинар во Битолски весник. Како Фасцилитатори учество зедоа: Зоран Илиевски, демонстратор на Правен Факултет – Скопје и претседател на Граѓанското здружение за демократија, мир и толеранција "Аурора", Салајдин Алиу, директор на Домот на културата, Тетово и Соња Тантарова - Груевска, новинар во Радио Битола.
E-mail: ecmibitola@ecmingonet.org.mk

# Грантови

**Фондации на Светската Банка за НВО**
НВО станна важна нишка за давање на цивилни услуги и имплементирање на развојни иницијативи низ светот. Ова е најевидентно кај пост-конфликтните земји. Владината програма за децентрализација каде власта преминува од национално на локално ниво вроди со партнерство меѓу локалните власти и НВО. Поради ова Светската Банка оформи и посебен фонд за грантови за НВО.
http://web.worldbank.org/

**Фондација Хари Франк Гугенхем**
Фондација Хари Франк Гугенхем дава грантови за истражување на индивидуалци или мали тимови кои ги проучуваат последиците од насилството агрсијата и доминацијата. Овие проучувања во себе ги опфаќаат човековите права.
www.hfg.org

**Институт за Мир на САД**
Институтутот за Мир на САД дава финансиска подршка за истражувања, образование и тренинг како и за пренос на информации за мир и разрешување на конфликтни ситуации на меѓународно ниво. Грантови се нудат за широк круг на релевантни дисциплини, вештини и пристапи. Главните области на интерест на Институтот, и покрај тоа што нема строга рестрикција, се интернационално разрешување на конфликти, теории на преговарање, дипломатија итн.
http://www.usip.org

**ФНТГ**
ФНТГ им помага на невладините организации да се промовираат со цел изнаогање на потребните Фондации. НВОите се поканувааt да испратат претставување на оваа веб страна. На оваа страна мозете да пратите и Предлог Проекти за финансирање.
http://www.fntg.org

**Европска Фондација за Култура**
Ове е независна фондација која го промовира културното учество и размена во Европа и целиот свет. Ние имаме и сопствена програма но ги финансираме и иновативните културни иницијативи низ светот. Поседуваме екеспетиза за развивање на иницијативите од областа на културата благодарение на долгорочното искуство од работење на терен. Програмите и доделувањето на Грантови се основата на нашата работа.
http://www.eurocult.org/

Се надеваме дека ова дваесет и второ издание на информаторот на ЕЦМП НВО Мрежата ви беше од корист. ЕЦМР Проектот во Македонија е финансиран со великодушна поддршка на:

British Embassy Skopje

Royal Danish Ministry of Foreign Affairs

ODIN The Royal Norwegian Foreign Ministry

Swedish International Development Cooperation Agency

Ако имате било какви коментари или предлози за подобрување на овој информатор, ве молиме контактирајте со Верица Грданоска на: grdanoska@ecmingonet.org.mk.


Европски центар за малцински прашања
Регионална канцеларија Скопје
Ул. Мајка Тереза 13а, 1000 Скопје
Телефон: +389 (0)2 3215 637; 3215 638
Факс: +389 (0) 2 3215 639
E-mail:ecmimkd@ecmingonet.org.mk
www.ecmingonet.org.mk
www.ecmi.de


## ЕЦМП РЕГИОНАЛНИ НВО РЕСУРСНИ ЦЕНТРИ

**ЕЦМП Регионален Центар Скопје**
Адреса: Мајка Тереза 13а, Скопје
Телефон/Факс: 389 (0)2 3215 637
E-mail: ecmiskopje@ecmingonet.org.mk
Лице за контакт: Гордана Цветкоска

**ЕЦМП Регионален Центар Куманово**
Адреса: Локалитет Гарнизон 1/1-2
Телефон / Факс: 389 (0)31 425 456
E-mail: ecmikumanovo@ecmingonet.org.mk
Контакт Лице: Елена Петковска

**ЕЦМП Регионален Центар Битола**
Адреса: Јосиф Христовски 4/4, Битола
Телефон / Факс: 389 (0)47 236 874
E-mail: ecmibitola@ecmingonet.org.mk
Контакт Лице: Лидија Ангелковска

**ЕЦМП Регионален Центар Гостивар**
Адреса: 18ти Ноември 37а, Гостивар
Телефон / Факс: 389 (0)42 212 273
E-mail: ecmigostivar@ecmingonet.org.mk
Контакт лице: Небија Исмаили

**ЕЦМП Регионален Центар Штип**
Адреса: Ванчо Прке 62/3-2, Штип
Телефон / Факс: 389 (0)32 382 510
E-mail: ecmistip@ecmingonet.org.mk
Контакт лице: Татјана Николовска

**ЕЦМП Регионален Центар Тетово**
Адреса: Илинденска 97, Тетово
Телефон / Факс: 389 (0)44 339 031
E-mail: ecmitetovo@ecmingonet.org.mk
Контакт лице: Елвира Муртезани